Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во соработка со Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБТ), го организираше третиот координативен состанок меѓу националните институции, општините и граѓанските организации на 22 септември 2026 година, во хотел „Стоун Бриџ“ во Скопје. Во фокусот беше прашањето како приоритетите од Патоказот за спречување и борба против тероризмот и насилниот екстремизам 2026–2030 да се преточат во функционални механизми за превенција на локално ниво.




Во воведниот дел, Павле Трајанов, национален координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, се осврна на приоритетите на Националниот комитет и на потребата од посилна институционална координација, навремена размена на информации и зајакнување на капацитетите за справување со новите безбедносни предизвици. Посебно ги потенцираше онлајн радикализацијата, раното препознавање на ризиците, финансирањето на тероризмот, странското влијание и заштитата на

критичната инфраструктура.

Трајанов го претстави и Патоказот 2026–2030, кој е дел од пошироката рамка на Заедничкиот акциски план за спречување и борба против тероризмот и насилниот екстремизам за Западен Балкан и нагласи дека неговото спроведување ќе зависи и од капацитетот за соработка меѓу централните институции, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор.

На комплементарната улога на државните институции и граѓанските организации во превенцијата, реинтеграцијата и јакнењето на отпорноста на заедниците се осврна Александар Кржаловски, директор на МЦМС. Според него, довербата е предуслов за навремена размена на информации и координирано дејствување.



За локалната димензија на превенцијата говореше Даница Димитровска, главен инспектор во Единицата за јавен ред и мир и превенција при Одделот за униформирана полиција во Бирото за јавна безбедност, МВР. Таа го претстави концептот на полиција во заедницата и потребата безбедноста да се третира како заедничка одговорност на полицијата, општините, училиштата, социјалните служби и другите локални чинители. Во тој контекст, Димитровска ги посочи Локалните совети за превенција како важен механизам за навремено препознавање на проблемите и координирано дејствување.

За холандското искуство во локализирањето на превенцијата зборуваше Гонце Јаковлеска, координатор на проекти во МЦМС. Таа ги презентираше заклучоците и препораките од студиската посета на Хаг и Делфт кои укажуваат дека превенцијата е поефикасна кога е локализирана, кога локалната самоуправа има активна улога и кога полицијата, социјалните служби, образовните институции и граѓанскиот сектор дејствуваат како поврзан систем. Како важни препораки беа издвоени зајакнувањето на Локалните совети за превенција, воспоставувањето редовни механизми за соработка и создавањето соодветна законска рамка за безбедна размена на релевантни информации.

На применливоста на овие искуства во македонскиот контекст се осврна Фарук Невзади, раководител на одделение во општина Чаир. Тој нагласи дека општините имаат важна улога во раното препознавање и превенцијата, особено преку поврзување на училиштата, психолозите, социјалните и здравствените служби и другите локални чинители.



[illegible]